## КЛАБИНГ ИНФО

Клупски настан за викендов во Скопје е премиерното гостување на Марена Сондербар вечерва во клубот **Капан ан**, како дел од новата епизода на серијалот "Дроп". Сондербар е техно-диџеј и продуцент од Германија, позната како резидент на легендарниот берлински клуб "Трезор". Домашна поддршка ќе ѝ бидат Видиновски, Дејан Тевдо, а за визуелниот дел ќе се погрижи виџеј Инес. Забавата почнува на полноќ, а цената на влезниците е 150 денари.

***

Новиот дел од серијалот радиски концерти "Ако никој не свири... во живо од Стотројка" е за настапот на скопското инди-рок трио "Милко" за промоција на неговиот втор албум "Луѓе". Изданието излезе на почетокот од месецов, за "Пи-Ем-Џи рекордингс" и е достапен за бесплатно симнување од веб-страницата на издавачката куќа www.pmgrecordings.com. "Милко" се: Сашо Митревски (вокал и гитара), Стефан Терпини (тапани) и Филип Поповски (бас). На албумот им гостуваат Ивица Јанкуловски на клавијатури и Александар Стојанов -Зорин на усна хармоника. Изданието има 10 песни и е следбеник на дебито "Не дозволувај им да победат" (Don't let them win) од 2008 година. Концертот е в недела и е закажано да започне во 22 ч. Може да се следи на www.kanal103.com.mk.



Марена Сондербар

***

В сабота, во киното "**Фросина**" во МКЦ, од 22 ч. премиерно ќе биде прикажам новиот 55-минутен документарен филм за култното радио "Канал 103", насловен "Љубовно писмо до алтернативната култура". Проекцијата ќе биде проследена со трибина и со 103 журка во холот на "Фросина". Филмот е реализиран од "Пи-Ем-Џи рекордингс" (Синиша Евтимов, Мирко Попов, Николина Кујача, Божидар Јовановиќ).

***

Од другите клупски настани за викендов се издвојува вечерашното гостување на белградскиот диџеј и продуцент Грамофонџие во клубот "**Сектор 909**" во Скопје. Домашна поддршка ќе му биде Маци. Утре таму диџеј-сетови ќе имаат Флудер и Андреј Мицајков. Во **Капан ан** утре, техно-забава со Песинџер, Васо и со Драш. Во клубот "**Папаја**" в сабота диџеј-сетови ќе имаат Зоки Бејбе, Илина Ангел и Александар Малевски. На местото на поранешниот клуб "**Кастро**", вечерва забава "Транскопје" и диџеј-сетови на Џантрикс, Кокс и на бугарскиот продуцент и диџеј Кундалини. Забавата почнува во 23 ч., а цената на влезниците е 200 денари. Во "**Дамар**" вечерва е Алавукс, а Соња Исмаил вечерва пушта музика во "**Камарите**" (Дебар маало). Утре таму диџеј-сет ќе има Марсо. Во кафе-барот "**Излет**" вечерва е Андреј Мицајков, а утре - Милан. Во "**Ла Кања**" вечерва се Јане Алтипармаков, Тоци Андонов и Дуке М. Виксабликса вечерва е во "**Лајка**". Нина Тунтева утре ќе пушта музика во кафе-книжарницата "**Магор**". В сабота во клубот "**Вајр**" во Куманово музика ќе пуштаат Марски Мац, Јане Алтипармаков и Мартчин ("Оф поп").

i.iliev@vest.com.mk

# Диџеј Том Нови во Скопје

На 16 февруари, во спортскиот центар "Борис Трајковски", ќе настапи светски познатиот диџеј Том Нови. Негова домашна поддршка ќе бидат диџеите Бабура, Боби и Даре. Почетокот на забавата е во 23 часот.



Германскиот диџеј и продуцент, почнувајќи од Минхен, Германија, цврсто се постави на денс-музичката сцена во 1995 година, кога го издаде својот прв сингл "Те поседувам" (I House you), кој веднаш се најде на топ-10 на германската денс листа. Следната година Том го објави хитот "Суперстар", со што доби дополнително меѓународно признание. Во 1998 со траката " Јас сум цар" (I Rock), го зацементира своето место на европската денс-сцена, дури до 18 недели на "Еирплејтоп 100".

Организатор на концертот е "Сан продукција". Влезниците во претпродажба чинат 200 денари, и тоа од идната недела, додека, пак, од 14 до 16 февруари ќе се продаваат по 250 денари. ***(В.М.)***

## "Златна бубамара" со ново мото - "Мелем за душа"

"Мелем за душа - одобрено од Владата, прифатено од опозицијата, за мерак на народот" - тоа е годинешното мото на познатата манифестација "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи на 21 февруари, во Универзалната сала во Скопје.

Манифестацијата, која го обединува интелектуалниот, политичкиот, бизнис и културниот свет, се подготвува во весела атмосфера, во Штабот на скопското радио "Бубамара". Тимот и сценаристот на шоуто, Ранко Бубамара, во свој препознатлив сатиричен стил, истакнуваат дека пред сите ќе даваат отчет за сработеното и дека годинешното сценарио, кое како и секогаш се чува во најголема тајност, е полно со аплаузи и со незаборавни рефрени. Ќе бидат наградени најпопуларните личности и институции од областа на културата, естрадата, медиумите, маркетингот и спортот од Македонија и од Балканот.

***(М.Џ.)***